UNIQA Арх. 2020_0202_213 од 30.12.2020 г

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА А.Д Скопје на седница одржана на ден 30.12.2020 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се усвојуваат Дополнителни услови за осигурување на членови на домаќинство од последици на несреќен случај ( незгода)

**Член 2**

Дополнителни услови за осигурување на членови на домаќинство од последици на несреќен случај ( незгода)да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

**Член 3**

Дополнителни услови за осигурување на членови на домаќинство од последици на несреќен случај ( незгода)донесени со одлука број 06/04-3 од 15.10.2004 година престануваат да важат со стапување во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила на 01.01.2021 година

**Член 5**

Се задолжува правна служба условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 работни дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување .

## Образложение:

Друштвото за осигурување во рамки на постапката за ревизија на Условите за осигурување ,спроведе анализа на истите заради утврдување дали истите се усогласени со законските одредби особено со членот 49,50 и членот 52 од ЗСО и насоките во Циркулар-Предмет известување во врска со склучување на договори за осигурување со вклучен ризик смрт како последица од болест од Агенцијата за супервизија на осигурување број 08-451/1 од 27.07.2020 година.
Поради обемноста на измените ,Друштвото ценеше за потребно да се усвојат нови Услови наместо да се изготвуваат во форма на дополнување и измена.

Новите услови ке се применуваат за договори склучени од 01.01.2021 година.

Претседател на Управен одбор
на УНИКА А.Д. Скопје
Дритон Азизи